ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-202/11**

**Дата: 06.12.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Старо Нагоричане, за 2009 година.

Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) , за претходни години.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации до корисниците од областа на основното образование. Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, останати придонеси од плата, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, поправка и тековно одржување, договорни услуги, градежни објекти и за набавка на мебел и опрема.
Изразивме мислење без резерва за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Старо Нагоричане за 2009 година. На крајот на годината, на сметката остануваат неискористени парични средства кои не се материјално значајни во однос на вкупните приходи и немаат влијание на изразеното мислење.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации

(930) на Општина Старо Нагоричане за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Старо Нагоричане за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4.Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Власте Димковиќ – градоначалник до 14.04.2009 година, и
- Миодраг Јовановиќ – градоначалник од 15.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Старо Нагоричане се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот на неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 23 и 24.08. 2010 година кај Општина Старо Нагоричане од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-202/5 од 27.10. 2010 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Неправилна примена на акти

3.1.1. На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Старо Нагоричане на ден 31 декември 2009 година има неискористени средства од корисниците на наменски дотации во износ од 665 илјади денари од кои 597 илјада денари се трансферирани на сметката на 31.12.2009 година и до крајот на буџетската година реално не можеле да бидат трансферирани до корисниците.
Општина Старо Нагоричане нема изготвено критериуми за распределба на наменските средства до корисниците со цел нивно реално искористување и навремено подмирување на обврските.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за изготвување критериуми за распределба на средствата од наменските и блок дотациите, а советот на Општина Старо Нагоричане да ги разгледа и усвои изготвените критериуми.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката за Наменски дотации (930) на Општина Старо Нагоричане на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 30.11. 2010 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 32.981 | 30.340 |
| **Вкупно приходи** | | **32.981** | **30.340** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 23.871 | 23.565 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 8.299 | 6.679 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **32.170** | **30.244** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **146** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **32.316** | **30.244** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **665** | **96** |

## СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.2.1. | 665 | 96 |
| **Вкупно тековни средства** | | **665** | **96** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **665** | **96** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 665 | 96 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **665** | **96** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **665** | **96** |